Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

# УПАТСТВО

*за начинот на пријавување на кандидати на интегриран прв и втор циклус студии во учебната 2024/2025 година на*

## ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА-СКОПЈЕ

- Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на [www.upisi.ukim.mk](http://www.upisi.ukim.mk) и да ја пополни електронската пријава од **iKnow-системот**, со што автоматски добива број за електронско пријавување.
- Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот, треба да се внесе и во пријавниот лист што се поднесува при физичкото пријавувањето за запишување.
- Електронското пријавување на кандидатите е **ОТВОРЕНО и е ВО ТЕК**, согласно роковите на Конкурсот.




- Пријавување на кандидатите во учебната 2024/2025 година, во првиот уписен рок ќе се врши до 30.8.2024 година до 14:00 часот.

**Поднесувањето на документи во првиот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје ќе се одвива на 29.08. и 30.08.2024 година, од 09-15 часот, во Службата за студентски прашања, со ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО.**

- **ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УСПЕХОТ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (прелиминарна ранг листа):** 03.09.2024 год. (вторник)
- **ОБЈАВУВАЊЕ РЕШЕНИЕ** за прием на кандидатите (конечна ранг листа): 06.09.2024 год. (петок)
- **ЗАПИШУВАЊЕ** на примените кандидати: 11 и 12.09.2024 год (среда и четврток).

- **ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ПРИ ПРИЈАВУВАЊЕ**

**ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ПОДНЕСУВААТ ВО ОРИГИНАЛ:**

- Универзитетски пријавен лист за конкурирање (*образец А1 – генериран iKnow-системот и своерчано потпишан*);
- Пријавен лист за конкурирање за упис на прв циклус студии (*образец А1 - достапен во книжарници во близина на Факултетот*) ;
- Електронска пријава (*генерирана од iKnow системот – интерен и пријавен лист*);
- Оригинални свидетелства од сите 4 години;
- Документ за положена државна матура (*оригинално свидетелство за завршено средно образование*);
- Извод од матична книга на родените (*оригинал*);
- Доказ за државјанство на РСМ (*уверение или решение, оригинал*);
- Изјава за национална припадност (се приложува само ако во свидетелствата и во дипломите не е наведена националната припадност - *се печати од електронската пријава на iKnow-системот upisi.ukim.mk*);
- Потврда (уплатница) за уплатени 300,00 денари на жиро сметка на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, образец ПП 50 (*на уплатницата задолжително да има Име и Презиме и ЕМБГ на апликантот*)

**Назив на примачот:** Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
**Депонент (Банка):** НБРСМ
**Трезорска сметка:** 100000000063095
**Износ:** 300,00 денари
**Сметка на буџетски корисник единка:** 1600104561 788 15
**Приходна шифра и програма:** 723012 41
**Цел на дознака:** за студиски програми за кои не се врши проверка на знаењата и умеења

- Потврда (уплатница) за уплатена административната такса во износ од 50,00 денари о**бразец ПП 50**

**Назив на примачот:** Трезорска сметка-Скопје
**Банка на примачот:** НБРСМ
**Трансакциска сметка:** 100000000063095;
**Уплатна сметка:** 840-XXX-03161
**Конто:** 722313 00

- Лична карта или пасош (документ за идентификација на кандидатот на увид).



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

*Доколку кандидатот не се запишува лично, лицето кое ќе го запишува треба да донесе полномошно заверено на нотар.*
** Дипломи/награди од републички и меѓународни натпревари, кои кандидатот ги поседува и се освоени во текот на средното образование (**истите не се задолжителни**).

## ➢ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Сите заинтересираните кандидати слободно може да се обратат до Службата за студентски прашања и Продеканот за настава на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, на следните електронски адреси: studentskiprasanja@fznh.ukim.edu.mk и kilievska@fvm.ukim.edu.mk.
Информациите околу студиската програма на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, условите и начинот на студирање можете да ги добиете на www.fvm.ukim.edu.mk, како и на меил адресата на Продеканот за настава kilievska@fvm.ukim.edu.mk.

Од Конкурсната комисија
при Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје